Број 4
06.03.2023 година

Службен гласник на општина Делчево Уредува
Излегува по потреба Одделение за правни и општи работи

МАРТ 2023

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден **06.03. 2023** година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ АКТИ ОД 20. СЕДНИЦА
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

I

Да се објават во „Сл.гласник на општина Делчево“, актите што Советот на Општина Делчево ги донесе на **20. седница**, одржана на **06.03.2023** година и тоа:

1. Одлука за сопствено финансиско учество за проект „Реконструкција на стар пат со краци кон село Ѕвегор-општина Делчево;

2. Одлука за сопствено финансиско учество за проект „Набавка на машина за метење и одржување на јавен простор“;

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 08- 621/1
06.03. 2023 год.
Делчево

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник,
Горан Трајковски,с.р.

1.Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 143 став 2 од Деловникот на Советот на општина Делчево,и член 36 став 1 од Законот за рамномерен регионален развој (Службен весник на РМ. Бр. 63/07, 187/13 и 43/14, 215/2015 Советот на општина Делчево на својата 20 седница одржана на ден 06.03.2023 година ја донесе, следната

## ОДЛУКА
## За сопствено финансиско учество за проектот „Набавка на машина за метење и одржување на јавен простор“

Член 1

Со оваа одлука утврдува сопствено финансиско учество за проектот „Набавка на машина за метење и одржување на јавен простор“

Проектот ќе биде поднесен до Министерството за локална самоуправа, Програмата за развој на урбаните подрачја и оддржлив и урбан развој.

Проектираната инвестиција со вклучен ДДВ изнесува 3.000.000,00 денари.

Член 2

За реализација на проектот „Набавка на машина за метење и одржување на јавен простор“ ќе се обезбеди учество од буџетот на општина Делчево од 10%.

Член 3

Средствата потребни за реализација на проектот „Набавка на машина за метење и одржување на јавен простор“ ќе се обезбедат од Министерството за локална самоуправа-Биро за регионален развој, а по Програмата за развој на урбаните подрачја и оддржлив и урбан развој.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објвување во „Службен Гласник на општина Делчево“.

Бр.09-602/1
06.03.2023
Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Гоце Попов,с.р.

2. Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 143 став 2 од Деловникот на Советот на општина Делчево,и член 36 став 1 од Законот за рамномерен регионален развој (Службен весник на РМ. Бр. 63/07, 187/13 и 43/14, 215/2015 Советот на општина Делчево на својата 20. седница одржана на ден 06.03.2023 година ја донесе следната

ОДЛУКА

За сопствено финансиско учество „Реконструкција на стар пат со краци кон село Звегор-општина Делчево“

Член 1

Со оваа одлука утврдува сопствено финансиско учество за проектот **„**Реконструкција на стар пат со краци кон село Звегор-општина Делчево**“.**

Проектот ќе биде поднесен до Министерството за локална самоуправа, Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 со индикативно планирани средства за 2024 година.

Проектираната инвестиција со вклучен ДДВ изнесува 6.000.000,00 денари.

Член 2

За реализација на проектот **„**Реконструкција на стар пат со краци кон село Звегор-општина Делчево**“** ќе се обезбеди учество од буџетот на општина Делчево од 10%.

Член 3

Средствата потребни за реализација на проектот **„**Реконструкција на стар пат со краци кон село Звегор-општина Делчево**“** ќе се обезбедат од Министерството за локална самоуправа-Биро за регионален развој, а по Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 со индикативно планирани средства за 2024 година.

Проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објвување во „Службен Гласник на општина Делчево“.

Бр.09-603/1 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

06.03.2023 — Претседател,

Делчево — Гоце Попов,с.р.